Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

# БИЗНИС ИНФО

99 години
Основана 1922

Број 470 www.mchamber.mk 29.10.2021




# ЈАВНОТО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ВО ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА ВЕШТИНИТЕ

# ПОКРОВИТЕЛИ

НА СТОПАНСКАТА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ПРЕМИУМ Покровители

АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
EVN
vitaminka
NLB Banka
GRANIT BUILDING & CONSTRUCTION
IGM trade
T
МЕПСО МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОПРЕНОСЕН СИСТЕМ ОПЕРАТОР
ECM ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Gulf
ПЕКАБЕСКО
euro Nickel INDUSTRIES
nextsense
VERO сè на едно место
КОЖУВЧАНКА
MERMERE Kombinat

## СТАНДАРД Покровители

Comfy Angel
OKTA
РАДЕ КОНЧАР - СЕРВИС СЕРВИС И ПОПРАВКА НА ЕЛЕКТРИЧНИ ПРОИЗВОДИ
RADE KONČAR-TEP
A1
seavus www.seavus.com
ZAN MITREV CLINIC
СЕМОС
CROATIA OSIGURANJE КРОАЦИЈА ОСИГУРУВАЊЕ
HALKBANK
СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ членка на NBG групацијата
На ваша страна
scalefocus
ДЕ-НИ МЕБЕЛ
cargo-partner
Life Is On Schneider Electric

## СИЛВЕР Покровители

Екстра Меин
SPARKASSE BANK
Ultra!
SMELT-ING
VEZESHARRI
LECKER
elektro SHARRI
SOCOTAB Leaf tobacco
Swisslion
AllianceOne




**Посетете не' на веб-порталот: www.mchamber.mk**

ISO 9001:2015

**Стопанската комора на Северна Македонија**
**ПРВА комора и ПРВА институција во РСМ**
**со новиот стандард ISO 9001:2015**

http://www.facebook.com/chamber.mk
http://www.twitter.com/Chamber_MK
http://www.youtube.com/user/MKChamber
http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

# Средба во Комората: Пешев - Емра Соработката меѓу земјите ветува успешна економска размена



Денес, во просториите на Комората извршниот директор на Стопанската Комора на Северна Македонија м-р Антони Пешев се сретна со Халид Ибрахим Емара, амбасадор на Арпаската Република Египет во Република Северна Македонија, со седиште во Софија.

На средбата беше констатирано дека постои голем потенцијал за продлабочување на економските односи помеѓу двете земји. Во овој контекст, беа предложени идеи за натамошен развој на соработката во сферата на економијата, директните инвестиции и трговската размена

На членките на комората, амбасадорот им упати покана за посета на саемот за одбрана и безбедност ЕДЕКС кој ќе се одржи во Каиро на крајот на ноември. Со 920.000 воени лица, најголема воена моќ во Африка и една од водечките сили во светот, Египет е идеалната позиција за ваков голем одбранбен и безбедносен настан. Покрај тоа, Египет историски ги одржува континуираните инвестиции во најновото оружје како одбранбена стратегија и ги зајакна националните производствени линии низ низа воени комплекси.

EDEX е целосно поддржан од египетските вооружени сили и претставува сосема нова можност за изложувачите да ја прикажат најновата технологија, опрема и системи низ копно, море и воздух.

Во продолжение Амбасадорот истакна дека добрите односи помеѓу двете држави треба да се искористат за развој на економските односи, особено во делот на енергетиката, транспортот и секако туризмот, кој за Египет е примарна цел.

На средбата беа договорени понатамошни чекори за соработка и промоција на економските придобивки на двете земји од истата.

# ИЗМЕНИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ДОМУВАЊЕ, КВАЛИТЕТНА ИНСПЕКЦИСКА СЛУЖБА И ЕЛИМИНИРАЊЕ НА НЕЛОЈАЛНАТА КОНКУРЕНЦИЈА – ПРИОРИТЕТ ВО ДОМУВАЊЕТО



Предмет на дискусијата беа актуелните проблеми на лиценцираните управители и потребата од нивно актуализирање, во делот на реализирањето на започнатиот процес на измени на Законот за домување и негово усогласување со повеќе други закони.

Претседателот на Групацијата за домување при Комората, Васе Самараков, укажа на фактот дека од исклучително значење е да се забрза процесот на менување на Законот, бидејќи, освен надминување на одредени пречки во тековното работење и елиминирање на одредени слабости, клучно е новото законско решение да овозможи нови инвестициски зафати, пред сѐ, кај станбените згради кои се со подолг век на постоење, во насока на обезбедување поголема заштеда на енергија, заштита на животната средина и безбедност за станарите во колективното домување, како и дефинирање на одговорноста кога станува збор за заедничките предмети, како што се лифтовите.

За членките на Групацијата при Стопанската комора на Северна Македонија од особено значење е и воспоставувањето сериозен систем за контрола на работата на лиценцираните управители, во насока на елиминирање на нелојалната конкуренција на пазарот и почитување на принципите на пазарно дејствување.

Претседателот на Регулаторната комисија за домување, м-р Зоран Маџовски, ги потврди заложбата на Комисијата и интересот да се работи во насока на воспоставување систем за почитување на пазарните принципи, за што најави средба со сите лиценцирани управители во периодот што следува до крајот на годината, во групи според плански дефинираните региони во државата. Се надева на соработка со Комората и побара да се нотираат проблемите од Групацијата за да се отвори дијалог во насока на решавање на проблемите. Најави и поактивно отворање на процесот за менување на законската регулатива, а ја истакна и потребата од зајакнување на инспекциските служби во дејноста.

Новиот претседател и новиот состав на Регулаторната комисија за домување стапија на функција на први јули 2021 година, неколку месеци по завршувањето на мандатот на претходниот состав.

# ЈАВНОТО-ПРИВАТНО ПАРТНЕРСТВО ВО ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ НА ВЕШТИНИТЕ




Системот за стручно образование и обука гради различни форми на соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор со цел да се осигура дека младите луѓе и возрасните се стекнуваат со потребните вештини кои ги бара приватниот сектор за да бидат вработливи и да се намали јазот на понудата и побарувачката на пазарот на труд.

За таа цел, во заедничка организација на Европската фондација за обука (ЕТФ) и Коморскиот инвестициски форум (КИФ), се одржа конференција на тема: „Јавно-приватните партнерства во поддршката на развојот на вештините во Југоисточна Европа и Турција“ на која коморите од земјите на Западен Балкан, како и претставници од областа на стручното образование и доживотното учење ги презентираа своите искуства и добри практики на полето на јавното-приватно парнерство. Конференцијата ја отворија Чезаре Онестини, директорот на Европската фондација за обука и д-р Татјана Штерјова Душковска, генерален секретар на Коморскиот инвастициски форум за 6-те земји од Западен Балкан.

„Постигнувањето на целите на регионалната економска соработка е најтесно поврзано со еден заеднички именител - обезбедување квалификувана работна сила за потребите на бизнисите во целиот регион. Ние не би можеле да имаме одржлив развој и економски раст, зголемена регионална соработка, ниту пак регионот би бил привлечен за потенцијалните инвеститори, без квалитетни знаења, вештини и компетенции што можат луѓето да ги применат во различни области на работа на пазарот на трудот. Коморскиот инвестициски форум, како и сите 6 -те стопански комори од регионот на Западен Балкан, беа активно посветени на задачите за зголемување на квалитетот на образовниот систем, особено во обезбедувањето релевантно и пазарно ориентирано стручно образование со фокус за дуалниот модел на образование и учење на работно место“ – истакна генералниот секретар, д-р Татјана Штерјова Душковска.

Според Душковска, образованието треба да биде вистинска комбинација на вештини, вклучително и дигитални и трансверзални клучни компетенции потребни за работните процеси и да им обезбеди на вработените соодветни професионални вештини, а тоа може да се постигне само со синергии и партнерства помеѓу јавниот и приватниот сектор. Тоа е причината, според неа, зошто јавно-приватните партнерства во областа на развојот на вештини се од огромно значење.

На конференцијата во рамките на панел дискусијата учествуваше и претставник од Стопанската комора на Северна Македонија.

Јавно-приватните партнерства се значајни во системот на стручното образование затоа што тие претставуваат врска која ги поврзува образованието и приватниот сектор во пазарно-ориентирана економија. Кога зборуваме за јавно-приватно партнерство подразбираме дека тоа содржи јавни политики, системи за финансирање и рамки за образовни програми кои имаат заедничка цел да го зајакнат нивото на комуникација и соработка помеѓу образовните институции и приватниот сектор и да придонесат за развојот на вештините и компетенциите, а Стопанската комора на Северна Македонија директно го поддржува јавното-приватно партнерство како мост помеѓу приватниот сектор и образовните институции и промотор на стручното образование за потребите на приватниот сектор, потенцираше м-р Наташа Јаневска, експерт во Комората.

Според Јаневска, јавното-приватно партнерство во развој на вештини, се реализира со учество на приватниот сектор во неколку области:

1. Јавно-приватни консултации кои помагаат да се дефинираат тековните потреби за вештини, да се зголеми усогласеноста со понудата побарувачката на вештини, да се предвидат идните потреби за вештини и соодветно да се испорачаат вештините низ образовниот процес;

2. Поставување и одржување на Националната рамка за квалификации што е во согласност со Европската рамка за квалификации;

3. Обезбедување обука на работното место преку шеми за практична обука, дуално образование и учење преку работа;

4. Обезбедување континуирана едукација и обука на работната сила, која може да биде преку чисто приватни иницијативи или може да ги искористи јавните институции и

5. Воспоставување на процеси и дефинирани улоги на приватниот сектор, владини и образовни институции за решавање на специфични ситуации.

# УНАПРЕДУВАЊЕ НА ВЕШТИНИТЕ ЗА РАСТ И РАЗВОЈ НА БИЗНИСОТ

аради ефикасно остварување на специфичните интереси на приватниот сектор во насока на унапредување на компетенциите и вештините на високообразовните кадри во согласност со потребите на бизнисот, во Стопанската комора на Северна Македонија веќе функционира Совет за унапредување на високото образование. Овој Совет има три приоритетни цели кои се состојат во развивање и унапредување на три програми:

Клуб на менаџери-претприемништво и лидерство-со едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Школа на бизнис-лидери (почеток 25 ноември 2021 година),

Развој на мали и средни бизниси и старт ап бизниси-со едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Модул за развој на мали и средни бизниси како и Модул за развој на старт ап бизниси (почеток 10 декември 2021 година) и

Институт за извоз-со едукативни и други настани кои ќе се реализираат преку воспоставување Школа за продуцирање кадри за зголемување на извозот, со крајна цел формирање Институт за извоз (Изработка на студија за извоз, Платформа за извоз и почеток со Модулот за зголемување на вештините за извоз од 1 Ноември 2022 година).

Во насока на давање на институционална поддршка за активностите во рамките на трите програми одделно кои Советот ги има зацртано за остварување во следниот период, во Стопанската комора на Северна Македонија на 18.10.2021 година се формираше координативен тим составен од следните претставници:

1. Бранко Азески, претседател на Стопанска комора на Северна Македонија (СКСМ)
2. Фатмир Битиќи, заменик-претседател на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции,
3. д-р Фатмир Бесими, Министер за финансии,
4. д-р Анита Ангеловска Бежоска, гувернер, НБРСМ,
5. академик Абдулменах Беџети, Југоисточно-Европски универзитет Тетово,
6. академик Таки Фити, МАНУ,

7. д-р Кочо Анѓушев, претседател на УО на Брако Групација,
8. д-р Ристо Јаневски, директор на стратешко планирање и развој, ОКТА АД Скопје,
9. Боријан Борозанов, извршен директор на Џонсон Мети,
10. Арбен Абдурахмани, генерален директор на Везе Шари Тетово,
11. д-р Јелисавета Георгиева Јовевска, потпретседател на СКСМ,
12. Јадранка Аризанковска, менаџер во СКСМ и
13. м-р Анета Димовска, менаџер во СКСМ.



Претседател на координативниот тим е претседателот на Советот д-р Глигор Бишев: "Со овој концепт на функционирање на Советот за унапредување на високото образование му помагаме на стопанството и овој модел не е замена за високото формално образование, туку со него ќе се настојува преку практична настава да се создаваат лидери, да се зголемат вештините за водење на бизнис и за прв пат, ваквиот концепт ги вклучува старт ап-ите кои ќе се поддржуваат не само преку учење на вештини туку и преку финансирање на добри идеи кои ќе бидат поврзани со форуми на инвеститори (преку финансирање од домашни и меѓународни институции). Оттука, со реализација на сите програмски содржини веруваме дека овој Совет ќе придонесе во зголемување на конкурентноста, ефикасноста, вработувањето и обезбедување поголем економски раст во Република Северна Македонија".

На состанокот членовите на координативниот тим дадоа целосна поддршка на активностите кои се во насока на унапредување на вештините и компетенциите во согласност со потребите на приватниот сектор. Преку тоа ќе се помогне во зголемување на знаењата на кадарот во македонските компании за предизвиците што ги носи глобалната конкуренција и новите технологии. Ова претставува практична програма која вклучува и менторство, која во фокусот ќе ги има развојот на менаџерските вештини и корпоративните вредности на компаниите. Со тоа

Комората и институциите ќе дадат придонес за развој на најбитниот фактор за раст и успешна работа на компаниите, а тоа е човечкиот фактор, иновациите, и новите технологии.




Фатмир Битиќи, заменик-претседател на Владата задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции: "Да ги направиме чекорите за да дадеме поголема можност на различни генерации. Програмата на Советот во делот за развој на старт ап-ите претставува надополнување на формираниот Национален совет за старт ап-и при Владата на РСМ чија цел е размена на идеи, креирање на политики и создавање клима која ќе поддржува развој, иновативност, креативност и успех на новите бизнис идеи. Силно верувам и во поттикнување на стартапите и новите иновативни компании. Клучен фактор во овој процес е образованието."



д-р Фатмир Бесими, министер за финансии: "Советот за високо образование при Стопанската комора на Северна Македонија доаѓа во пресрет на големиот јубилеј на Комората. Оваа иницијатива потекнува од искуството, од капацитетот кој Комората го има и од самите членки. Додадената вредност на оваа Програма која ќе се импементира во следниот период се гледа во значајноста на човечкиот капитал во поттикнување на конкурентноста и создавање раст на економијата, континуирана надградба на знаењата преку искуство и креативност на пристапот на учење и стекнување со вештини кои ќе бидат овозможени преку Советот".

# „П.И.К.ко“ – водечки снабдувач на суровини и на функционални додатоци во сите области од прехранбената индустрија на нашиот локален пазар и на пазарите во регионот




„П.И.К.ко Македонија“ е основана во 2001 г. како дел од Интернационалната групација„П.И.К.ко“. Уште од самите почетоци нивниот фокус бил да бидат врската меѓу интернационално познатите добавувачи на репроматеријали и на функционални додатоци и производителите на храна и на пијалаци, односно да понудат нови репроматеријали и функционални суровини во прехранбената индустрија за унапредување на прехранбеното производство, подигнувајќи го нивото до светските стандарди. Веќе во 2007 г. имаат и сопствено производство на функционални смеси и додатоци, со што го промовираат брендот на „П.И.К.ко“ како иновативен добавувач на идеи и на решенија.

Денес „П.И.К.ко“ е водечки снабдувач на суровини и на функционални додатоци

за производство на храна и на безалкохолни и алкохолни пијалаци, а, исто така, и на козметика, фармација, храна за животни, на текстил, средства за одржување хигиена и на други разновидни суровини за лесната хемиска индустрија. Ако почетоците биле со помалку од 100 суровини, веќе денес ја имаат лидерската позиција на пазарот, со портфолио со над 1.500 суровини и со зголемување на опсегот со над 60 уникатни наменски производи за специјална намена и со специфична функционалност

Напорната работа, посветеноста, искуството и знаењето овозможиле создавање нивна препознаеност не само на македонскиот пазар и во регионот туку и на Блискиот и на Далечниот Исток.

Меѓутоа, она што ги издвојува и што ги прави целосно различни од другите доставувачи на суровини е нивната максимална посветеност да дадат целосна технолошка и иновативна поддршка за клиентите, за подобрување на квалитетот на нивните постојни производи и за заедничко креирање нови.

Компанијата и менаџментот, на чело со нивната директорка Викторија Шотароска-Трајкова, која е и регионален менаџер за Македонија, Косово и за Албанија, верува дека основниот и најважен ресурс е човечкиот ресурс. И, навистина. Многу сериозно се обрнува внимание со постојано обучување и едукација на целиот тим. Годишно, целосниот стручен тим поминува повеќе обуки за постојано следење на сите новитети и трендови, со цел се подобар пристап кон клиентите. Исто така, учесници и посетители се на многу обуки, семинари и практични работилници организирани од производителите на суровини во нивните пилотни погони и лаборатории, направени според неверојатно високи стандарди.

Поради потребите од организирано документациско работење, уште од почетокот го имаат применето и се сертифицирани според ISO 9001. Прехранбениот сектор, особено кондиторската индустрија, со голем замав ги освојува светските пазари, па за да бидат во чекор со своите клиенти, примениле HACCP, кој во 2008 година го интегрирале со ISO 9001 и се здобиле со сертификатот ISO 22000: 2005, со кој го потврдуваат системот за безбедност на храна. Во 2011 година се една од трите македонски компании кои први добиваат сертификат Halal на македонскиот пазар. Во 2020 година го обновиле сертификатот ISO 22000, според најновите барања од 2018 година, и заклучно со оваа измена ги исполнуваат локалните и светските барања.

Од 2018 година до денес во континуитет се носители на сертификатот Exellent SME Macedonia, сертификат за деловно работење. Стопанската комора на Северна Македонија го издава сертификатот во соработка со познатата Агенција за кредитен рејтинг „COFACE“ од Хрватска, за најуспешните мали и средни компании во Македонија.

# НОВИ МОЖНОСТИ ЗА СОРАБОТКА СО КОМПАНИИ ОД РЕПУБЛИКА ТУРЦИЈА



Во насока на зајакнување на бизнис релациите и отворање нови можности за поврзување и соработка на компаниите од РепубликаСеверна Македонија и Република Турција, Стопанската комора на Северна Македонија ве информира дека во рамки на Унијата на стопански комори и берзи на Турција (ТОББ), е креирана нова виртуелна бизнис платформа.

Македонските компании имаат можност бесплатно да се регистрираат на платформата, да креираат свој профил и да најдат информации во врска нивните идни потенцијални партнери, како што се: производи и услуги што ги нудат, детални спецификации за истите, контакт информации, информации за нивните деловни побарувања и понуди, како и можности за воспоставување на соработка со турски компании за заедничко инвестирање во проекти, здружување на капиталот, човечки ресурси и експертиза.

Оваа дигитална алатка е одлична можност за Б2Б поврзување на компаниите од двете земји, која нуди опции за реализација на бизнис плановите во зависност од интересот за соработка на компаниите, а истата е достапна на следниот линк: https://tobb2b.org.tr.

# „АМФЕНОЛ ТЕХНОЛОЏИ МАКЕДОНИЈА“ СО НОВА ИНВЕСТИЦИЈА ЈА ОДБЕЛЕЖА ОСУМГОДИШНИНАТА ОД ОСНОВАЊЕТО




„Амфенол Технолоџи Македонија“ од Кочани, ја одбележа осумгодишнината од основањето и отвори нов производствен капацитет за производство на кабли за автомобилската индустрија.

Новиот капацитет овозможува дополнителни вработувања, во работни услови што се во светскиот врв за производство и монтажа на кабли за автомобили, со таканаречен clean room. Наши инженери, техничари и оператори беа на двомесечна обука во странство, со што пренесуваме нови знаења и вештини. Инвестираме и во машини за алатница, во најмодерен софтвер и технологија за оваа намена, истакна Сашко Наков, директор на „Амфенол Технолоџи Македонија“, во соопштение до медиумите.

Погонот е на површина од 3.500 квадратни метри затворен простор, а инвестициите за машините и опремата, кои се најсофистицирани и најсовремени во оваа област, изнесуваат пет милиони евра.

Амфенол вработува 2.300 вработени, а претходната година компанијата стана седми најголем извозник во државата.



video
example
easily
software
time
participant
information
electronic
teaching
term
online
education
social
content
courses
objects
assessment
student
web
example
online
E-LEARNING
knowledge
software
computers
support
electronic
work
system
virtual
cost
internet
elearning
example
assessment
classroom
system
devices
video

# Центар за едукација и развој на човечки ресурси



**Конференција**
**02.11. - 03.11.2021**

# Дводневна Конференција на тема „Дигитализација и трансфер на технологии за намалување на јаглеродните емисии“

Во рамки на Европската мрежа на бизнис можности (Enterprise Europe Network) Фондацијата за менаџмент и индустриско истражување во соработка со Стопанската Комора на Македонија ќе организираат дводневна конференција на тема „Дигитализација и трансфер на технологии за намалување на јаглеродните емисии“ на 2 и 3 ноември 2021 година, во Хотел Хилтон Скопје, а и онлине.

Конференцијата има за цел да го истакне ИКТ секторот како клучен фактор во борбата против климатските промени, да ги инспирира компаниите да инвестираат во развој на дигитални технологии и услуги за да влијаат кон зелена дигитална трансформација во корист на животната средина, општеството и економијата.

Целна публика се компании, јавен сектор и општини, универзитети, истражувачки центри и здруженија.

**Фокус**

Управување со отпад
Управување со вода
Енерија и енергетска ефикасност
Обновливи енергии
Дигитални технологии
Паметни материјали
Одржливост, кружна економија
Рециклирање и обновување на материјали

**Сите заинтересирани компании кои сакаат да учествуваат на настанот (со физичко присуство или онлине) потребно е да се регистрираат на следниов линк или на https://powergreen.b2match.io. Учеството на конференцијата е бесплатно.**

**Семинар**
**11.11.2021**

# ЗАКОНСКИ ПРЕДВИДЕН РОК ЗА ЗАДОЛЖИТЕЛНО ИЗГОТВУВАЊЕ НА ПЛАН И ЛИСТА НА АРХИВСКИ ЗНАЦИ СО НИВНИ РОКОВИ НА ЧУВАЊЕ И НЕГОВО ПОДНЕСУВАЊЕ ДО ДРЖАВЕН АРХИВ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ТЕКОВНА 2022 ГОДИНА

Целта на онлајн семинарот е да се разработат темите со кои се засегнати компаниите во врска со изготвувањето на планот и листата со рокови на чување на документитацијата која се создава во текот на рабтењето, како и назначување и избор на членови на комисијата задолжени за изработка на истиот. Користењето на соодветни организациони единици за одбележување на документите и дефинирање на роковите за нивно чување. Изготвување на листи за користење на попис на документи и нивно поднесување до Државниот архив на Република Северна Македонија за тековна 2022 година.

**Целна група за семинарот:**

-директори, раководители на сектори за нормативно-правни работи во компаниите, вработени во компаниите задолжени за архивско и канцелариско работење, како и за сите заинтересирани субјекти чиј предмет на работење е поврзан со темите на семинарот, како и за сите оние кои во своите компании и институции сакаат да ги подобрат и да ги унапредат техниките на канцелариското и архивското работење, да се информираат околу Законот архивски материјал, Уредбата за канцелариско и архивско работење.

**Предавач:**

-м-р Валентина Тодоровска, магистер по економски науки, специјалност финансиски менаџмент, управител на „Акаунтинг Солушнс" со 25-годишно искуство во областа на архивското работење.

**Заинтересираните за учество на овој семинар можат да се пријават најдоцна до 8.11.2021 година.**

**Контакт лица:**

| | |
|---|---|
| **м-р Анита Митревска** | **Михајло Донев** |
| **++ 389 2 3244057** | **++ 389 2 3244067** |
| **anita@mchamber.mk** | **Mihajlo@mchamber.mk** |

Семинар
16.11.2021

# ОСНОВИ НА EMPLOYEE ADVOCACY

Интерактивниот семинар се фоксуира на запознавање со концептот на Employee Advocacy и негова имплементација во компании/организации. Семинарот има за цел да ги запознае посетителите со основите на Employee Advocacy, да едуцира за потребата од овој метод и придобивките кои ги носи, да прикаже примери на светски и интернационални брендови и да ги едуцира посетителите за чекори за спроведување на овој метод во нивните компании.

Word of mouth e сѐ поважен фактор во перцепцијата на една компанија како добро место за работење. Директната промоција и комуникациските канали кои и припаѓаат на компанијата самостојно веќе не се доволни. Покрај отворената комуникација на самата компанија, неопходно е истото да го потврдат и нејзините вработени со цел оформување на целосна слика од повеќе различни комуникациски канали.

Employee Advocacy е метод кој од самите вработени во компанијата креира нејзини амбасадори. Вработените се тие кои раскажуваат за нивните професионални достигнувања, нивната работна средина а со тоа ја надополнуваат директната промотивна комуникација на компанијата.

На овој семинар ќе бидат дискутирани можностите за спроведување на Employee Advocacy во компаниите, како и тактики и конкретни примери за спроведување на овој метод во компаниите.

Овој семинар е наменет за претставници на маркетинг, HR и PR секторите во компаниите, како и лица задолжени за екстерна комуникација. Семинарот е на почетничко ниво – за посетители кои не се запознаени со тематиката или имаат само мало почетно знаење.

**Контакт лица:**

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

**Семинар**
**17.11.2021**

# НАПРЕДНА ЕКСЕЛ АЛАТКА: POWER QUERY

Ова обука може потполно да го смени начинот на кој го користите Ексел програмот и значително да ја подобри Вашата продуктивност. Power Query ќе ја забрза Вашата работа со Екселот најмалку за 50%!

Power Query е Ексел алатка која овозможува лесно импортирање на податоците, нивна трансформација и користење за анализи.

Power Query е исклучително моќна алатка и буквално внесува револуционарни промени во обработката на Вашите Ексел бази на податоци. Операциите кои претходно се базираа на комплексни формули и користење на макроа сега стануваат минато, со користење на Power Query.

На обуката ќе се анализираат најважните елементи на оваа програма и ќе се работи на практични примери.

Power Query е business intelligence tool (алатка за бизнис разузнување) во Ексел, која овозможува да користите податоци од различни извори, потоа да ги селектирате, прочистувате, трансформирате и обликувате како што Ви е потребно за Вашите анализи.

**Предавач:**

Проф.д-р Зоран Ивановски, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитетот за туризам и менаџмент во Скопје, реномиран регионален стручњак од областа на финансискиот менаџмент и предавач со долгогодишно искуство во земјата и странство.

**Сите заинтересирани за учество на оваа работилница можат да се пријават најдоцна до 15.11.2021 година.**

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

**Online Бизнис средби**
**17.11.2021 - 18.11.2021**

# „Виртуелен“- брокерски настан и деловни средби на тема: Black Sea Online Matchmaking Event

Стопанската комора на Северна Македонија во соработка со Трговско индустриската комора од Самсун, Турција и Трговско индустриската комора од Трабзон, Турција со поддршка на ЕЕН–Европската мрежа на претприемачи, Турција, Ве покануваат да земете учество на претстојниот виртуелен брокерски настан и деловни средби “Black Sea Online Matchmaking Event“ кој ќе се одржи во периодот од 17-18 ноември 2021 година.

Настанот претставува одлична можност за генерирање на нови деловни контакти со партнери, купувачи и добавувачи на брз и економичен начин преку земји коишто се дел од ЕЕН мрежата. Состаноците ќе бидат однапред виртуелно организирани преку веб страницата:https://black-sea-online-matchmaking.b2match.io/

Регионот на Црно Море во Турција, а особено градовите Самсун и Трабзон, кои се домаќини во организацијата на настанот, имаат голем потенцијал за развој на следните сектори: Автомобилска индустрија; Машинска индустрија; Метална индустрија и обработка на метал; Прехранбена индустрија и морски производи; Индустрија за пакување; Хемиска индустрија и индустрија за пластика и гума; Градежна индустрија; Рударска и индустрија за минерални суровини и Индустрија за мебел и текстил за опремување на домови.

Учеството на настанот е бесплатно. Работен јазик е англискиот. Регистрацијата е отворена до 16 ноември 2021 година на следниот линк: Black Sea Online Matchmaking Event | Registration (b2match.io)

**Контакт лица:**

**Ивана Крстевска**
**++ 389 2 3244051**
**Ivana@mchamber.mk**

**Ирена Мојсовска**
**++ 389 2 3244009**
**irena.mojsovska@mchamber.mk**

Семинар
19.11.2021

# КАНЦЕЛАРИСКО РАБОТЕЊЕ ВО ПРОГРАМА ЗА ТАБЕЛАРНИ ПРЕСМЕТКИ

Во деловното опкружување во кое голем дел од успехот зависи од способноста за управување со информациите и податоците, Microsoft Excel се смета за еден од најкорисните деловни програми за општа употреба. Наменет за систематизација, уредување и чување податоци, но и за нивна визуелизација и анализирање, оваа програма овозможува не само зголемена продуктивност туку и значителна заштеда во време. Во деловниот свет, користењето на Excel се смета за знаење кое едноставно е неопходно – без оглед дали станува збор за банкарство, трговија, индустрија, услужна дејност... водењето евиденција, сметководство, табеларните прикази, различните пресметки во оваа програма се работи кои се очекува да се знаат од страна на вработените.

Еднодневниот онлајн семинар посветен на програмата за табеларно пресметување овозможува за најкратко време, стекнување на неопходното знаење за работа во Excel како ефикасно и со леснотија би се решавале различни задачи од работното секојдневие. Резултатот ќе бидат фактури, пресметки, табели и графикони кои резултатите од работата ќе ги прикажат на еден модерен и разбирлив начин.

Семинарот е наменет за сите кои сакаат да ги унапредат своите знаења и вештини како би биле поподготвени за идни деловни предизвици - да се запознаат со користењето на многубројните опции кои ги нуди оваа програма, а потоа и стекнатите знаење да ги применат на своето работно место. Основен услов е учесникот да има познавања од работа со компјутер.

Предавач:

Ирина Иванова, дипломиран инженер и професор по информатика веќе 18 години. Обучувач во областа на ИТ. Активно е вклучена во проекти финансирани од ЕУ, УСАИД и Британски Совет како експерт и обучувач. Воедно е ETwinning и Scientix амбасадор за Македонија.

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

Семинар
22.11.2021 - 23.11.2021

# ДИГИТАЛНА БЕЗБЕДНОСТ И ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ

Во ера на дигитализација на работните процеси, дигиталната безбедност и приватноста се соочуваат со растечки предизвици. Оттука несомнено се наметнува потребата од фокус кон дигиталната безбедност и навременото идентификување, пресретнување, како и соодветно и навремено одговарање на ризиците како би спречил одреден настан кој би имал негативен исход кон работењето на компанијата.

За таа цел, Стопанската комора на Северна Македонија на 22 и 23 ноември 2021 година организира дводневен „онлајн" семинар на тема: „ДИГИТАЛНА БЕЗБЕДНОСТ И ФИНАНСИСКИ ПОДАТОЦИ".

Овој семинар ќе им овозможи на учесниците да се стекнат со основни и напредни знаења и вештини за управување со безбедносните и информациони ризици кои можат да ги загрозат финансиските податоци и да влијаат врз финансиите на секоја компанија. ИТ заканите станаа дел од секојдневието и во значајна мера се присутни и во кризните ситуации кога фокусот на вработените првенствено е кон воспоставување и одржување на деловните процеси. Преку семинарот учесниците ќе се запознаат со најчестите закани, но и начинот за превенција и заштита од таквите закани. Некои од прашањата на кои овој семинар ќе даде одговор се и како адекватно да се третираат воочените информациони и безбедносни закани и ризици и како безбедно да се управува со финансиските податоци. Дополнително во рамки на семинарот ќе биде направена анализа на позитивните, но и негативните искуства на големите компании во процесот на проценување на ИТ ризиците и подготовка за потенцијална кризна ситуација. **Сите заинтересирани за учество на овој "онлајн" семинар можат да се пријават најдоцна до 19.11.2021 година.**

**Контакт лица:**

**Михајло Донев**
++ 389 2 3244067
Mihajlo@mchamber.mk

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
++ 389 2 3244074
beti@mchamber.mk

**Семинар 25.11.2021**

# GOOGLE WORKSPACE ИДНИНАТА НА АРХИВСКОТО РАБОТЕЊЕ

Google Drive е услуга за складирање датотеки базирана на облак на Google. Google Drive ви овозможува да ја чувате целата работа на едно место, да гледате различни формати на датотеки без потреба од дополнителен софтвер и да пристапувате до вашите датотеки од кој било уред. Во овој курс, ќе научите како да навигирате на вашиот Google Drive. Ќе научите како да испраќате датотеки и папки и како да работите преку типови датотеки. Исто така, ќе научите како можете лесно да гледате, уредувате, организирате, менувате и отстранувате датотеки во Google Drive.

Google Drive вклучува заеднички дискови. Може да користите заеднички дискови за складирање, пребарување и пристап до датотеки со тим. Ќе научите како да креирате нов заеднички диск, да додавате и управувате со членови и да управувате со содржината на споделениот диск. Google Workspace е синоним за соработка и споделување. Истражите ги опциите за споделување што ви се достапни во Google Drive и ќе научите за различните улоги на соработниците и дозволите што може да се доделат. Исто така, ќе имате можност да обезбедите конзистентност и да заштедите време со шаблони.

Google Drive има неколку алатки и опции на располагање. Овој курс дискутира за некои од овие опции, вклучувајќи како да работите офлајн, да користите Drive File Stream и да инсталирате апликации од Google Workspace Marketplace.

**Предавач: Викторија Величковска,** Дипломиран софтверски инжинер со повеќегодишно искуство во областа на веб базирани системи. Моментално работи како веб програмер во канадска компанија.

**Сите заинтересирани за учество на оваа семинар можат да се пријават најдоцна до 23.11.2021 година.**

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**Михајло Донев**
**++ 389 2 3244067**
**Mihajlo@mchamber.mk**

**Семинар**
**29.11.2021**

# КАДРОВСКО ЕКИПИРАЊЕ – СТРАТЕГИЈА ЗА ГРАДЕЊЕ НА РАБОТНА СИЛА ВО ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Во фокусот на овој семинар е политиката на кадровско екипирање во компаниите која се занимава со избор на вработени за конкретни работни места. Првото ниво е насочено кон селекција на поединци кои ги имаат потребните квалификации за извршување одредена работа. Во второто ниво пак, политиката на кадровско екипирање треба да претставува инструмент за развој и унапредување на корпорациската култура.

Компаниите кои спроведуваат транснационални и глобални стратегии имаат големи потреби за цврста унифицирачка култура, а таа потреба е важна и за оние кои спроведуваат меѓународна стратегија, како и за компаниите кои спроведуваат мултидомашна стратегија. Кога станува збор за организациите кои спроведуваат транснационална и глобална стратегија, неопходно е функцијата на управување со човечки ресурси да посветува значително внимание на селекцијата на поединци кои не само што ги имаат потребните квалификации за извршување конкретна работа, туку кои “одговараат” на доминантната култура во компанијата.

Денес, во време на постојани промени, рецесии и висока конкурентност, секој работодавач мора да ги преземе сите активности со цел да го избере најсоодветниот работник за работното место кое го нуди. Целта е организациите сè повеќе да го препознаваат создавањето вредност што може да се случи преку кадровско екипирање и стратегија за градење на работна сила во организацијата.

Предавачи:

- Д-р Марија Апостолова Николовска, професор во областа на андрагогија, образование и човечки ресурси.
- М-р Марија Карапанчева, магистер по менаџмент на човечки ресурси

**Контакт лица:**

**м-р Анита Митревска**
**++ 389 2 3244057**
**anita@mchamber.mk**

**м-р Елизабета Андриевска-Ефтимова**
**++ 389 2 3244074**
**beti@mchamber.mk**

Саем
01.12.2021 - 04.12.2021

# 27. ИНТЕРНАЦИОНАЛЕН САЕМ ВО ТИРАНА - „27.Tirana International Fair“

Стопанската комора на Северна Македонија, во соработка со „Klik Ekspo Group“, ве поканува да бидете дел од 27. Интернационален саем во Тирана, што ќе се одржи во периодот од 01-04 декември 2021 година во просториите на Конгресната палата во Тирана, Р. Албанија.

Овогодинешниот саем има за цел да биде уникатен настан, поделен помеѓу светот што го знаевме до сега и оној што ќе го избереме утре. За таа цел, хибридната форма на настанот, освен во живо, преку виртуелни платформи ќе овозможи поврзување на светските индустри, со директно презентирање на изложените производи на штандовите и директна комуникација со претставниците присутни на саемот. Покрај тоа, во специјално креираните деловни простории на саемот, учесниците ќе имаат можност да остварат деловни средби со компании од нивен интерес, да разменат информации и да ги презентираат своите производи и услуги.

Со својата нова форма на организирање, во фокус на овогодинешниот саем ќе бидат: Секторите коишто најмногу беа погодени од пандемијата: туризам и угостителство, уметност и музика, организатори на настани, мали и средни претпријатија и занаетчии; Најсовремените сектори: здравство и медицина, безбедност на храна, грижа за клиентите во сите сектори, информатичката технологија и новите ефикасни комуникациски решенија; Градежништво, енергетика, транспорт, и др.

**Стопанската комора на Северна Македонија ги поканува сите заинтересирани компании да се пријават за учество на Саемот на долунаведениот контакт, најдоцна до првата недела од месец ноември (01-05) 2021 година.**

**Контакт лица:**

**м-р Сања Николова**
**++ 389 2 3244091, М. 071 230 452**
**sanja@mchamber.mk**

Саем 28.02.2022 - 02.03.2022

# Саем 28.02.2022 - 02.03.2022
# Саемска манифестација: „International Food and Drink Event (IFE)“ Лондон,




Стопанската комора на Македонија, во соработка со Министерството за надворешни работи на РСМ и со Амбасадата на РСМ во Лондон, ве поканува да учествувате на претстојниот саем Internatonal Food and Drink Event (IFE), кој ќе се одржи од 28 февруари до 2 март 2022 година во Саемскиот центар „Лондон ExCel“.

Поради условите што се наметнати од пандемијата предизвикана од КОВИД 19, настанот (првично предвиден за март 2021 година) се презакажува за нов датум – од 28 февруари до 2 март 2022 година.

Настанот претставува одлична можност за презентација на македонските производители на храна и на пијалаци во Обединетото Кралство и пред другите странски иновативни и глобални производители и купувачи кои ќе бидат присутни.

Предности зошто да учествувате на саемот

**Учество на 1000 малопродажни купувачи**.

**Сериозност во деловните потфати**.

**Седум настапи во еден**.

**IFE е единствената трговска изложба за храна и за пијалаци поддржана од Владата на Велика Британија**.

Сите заинтересирани учесници за саемот, со пријава и со резервација на штанд до 18 декември 2020 година, ќе добијат повластени цени и добра локација на штандот.

**Контакт лица:**

**Васко Ристовски**
**++ 389 2 3244014**
**vasko@mchamber.mk**

**м-р Сања Николова**
**++ 389 2 3244091, М. 071 230 452**
**sanja@mchamber.mk**

СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ECONOMIC CHAMBER OF NORTH MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ ВО ПРОИЗВОДСТВОТО И УСЛУГИТЕ




## НАША ЦЕЛ

- давање поддршка за имплементирање на меѓународните стандарди со цел полесен пристап на фирмите на европските пазари и зголемување на деловната активност со партнерите,
- обезбедување на ажурирани податоци и информации од областа на квалитетот, стандардите , а од интерес на фирмите,
- унапредување на знаењата и искуствата со цел подобрување на перформансите на работењето на фирмите


**Контакт:**
Емилија Тодоровска
Телефон: +389 02 3244047
Факс: + 389 02 3244088
emilija@mchamber.mk
www.mchamber.mk

Стопанска Комора  на Северна Македонија
ул.”Димитрие Чуповски” бр. 13
Скопје , Република Северна Македонија


## НАШИ  АКТИВНОСТИ

**Консултантски услуги** за :

- имплементација на Систем за управување со квалитет согласно **ISO 9001:2015**;
- имплементација на **HACCP** (систем за анализа на ризици и критични контролни точки);
- имплементација на Систем за управување со безбедна храна согласно **ISO 22000:2018**;
- имплементација на Систем за управување со животната средина согласно **ISO 14001:2015**;
- имплементација на **HALAL стандард**;
- имплементација на Систем за управување со здравје и безбедност при работа, согласно **ISO 45001:2018.**

# СТОПАНСКА КОМОРА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

TÜV NORD ISO 9001:2015

## Ваш деловен соработник во светот на бизнисот

**Посетете не' на веб-порталот:**
**www.mchamber.mk**

**Ве очекуваме!**

http://www.facebook.com/chamber.mk

http://www.twitter.com/Chamber_MK

http://www.youtube.com/user/MKChamber

http://www.linkedin.com/company/economic-chamber-of-macedonia

99 години

Основана 1922

**Дизајн и графичка обработка**

Стево Серафимов
тел.: (02) 3244032, stevo@mchamber.mk

Стопанска комора на Северна Македонија
ул.„Димитрие Чуповски" 13, Скопје
тел.: (02) 3244000, факс: (02) 3244088